

Денеска и утре Неготино е домаќин на информтивните денови за земјоделците кои се одржуваат во рамките на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина“ од ИПА програмата за прекугранична соработка кој се спроведува заеднички со водечкиот партнер, општина Алмопија од Грција, комуналното претпријатие од Алмопија и ЈП Комуналец од нашиот град. Во име на градоначалникот на општина Неготино Тони Делков кој поради службени обврски не можеше да присуствува на настанот, присутните ги поздрави и им посака успешна работа секретарот на општина Неготино Ивица Златковиќ, воведно обраќање имаше директорката на „Коминалец“ Марина Бојаџиева, проектниот менаџер Лолита Ристова изврши презентација на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина“ (Wa-mbrella), а за моменталната состојба со животната средина во општина Неготино говореше клучниот експерт за води и биодиверзитет Ѓоко Зороски, кој воедно се осврна и на заштитата на животната средина со акцент на управување со водните ресурси и примена на заштитните средства при земјоделските активности. Главната цел на проектот е одржливо управување со водата преку најважните начини на нејзино користење и тоа во 3 сфери: 1-наводнување, 2-водоснабдување и 3-канализација, а намерата е преку проектот да се намали преголемата експлоатација и деградација на водата, како и намалување на еколошките влијанија на човековите активности преку одржливо користење на природните водни ресурси во екосистемите на прекуграничната област. Предложено е вкупното времетраење на проектот да биде 22 месеци, истиот се спроведува во 3 фази, при што во тек е втората фаза од развојот на проектот кога ќе бидат преземени и најважните проектни активности. Земјоделците како целна група на овие информативни денови, покрај експертските излагања кои имаа и ќе имаат можност  да ги слушнат овие два дена, имаа можност да даваат свои предлози и препораки во правец на преземање активности за подобрување на состојбите во општина Неготино.Вториот отворен ден за земјоделците ќе се одржи утре (четврток) во големата сала на општина Неготино со почеток од 10,00 часот.





